**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО*

**за IV година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***

***правен техничар***

**Скопје, мај 2002 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО

## 1.2. Образовен профил и група струки на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: правен техничар
1.2.2. Група струки: економска, правна и трговска струка

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Предмет карактеристичен за образовниот профил

## 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 4 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 132 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *основи на приватно право* е ученикот да стекне знаења, стручно теоретски умешности и способности од областа на приватното право во врска граѓанско судските постапки.

Од општата цел на наставата по предметот *основи на приватно право* произлегуваат следните посредни цели:

- ученикот да се запознае со општите учења за граѓанско судските постапки;
- да ги усвои начелата на граѓанско судските постапки и нивната примена;
- да ги идентификува органите кој ја водат и учествуваат во судските постапки и нивната надлежност;
- да ги разликува субјектите и учесниците во граганско судските постапки;
- да ја разбере улогата на застапниците и полномошниците на странките;
- да ги разликува процесните дејствија на судот и странките  во судската постапка;
- да ја познава содржината и формата на поднесоците и записниците во постапката;
- да го разбере докажувањето, поведувањето на постапка и водењето на главната расправа;
- да ја сфати структурата на судските одлуки;
- да ги открива состојбите на настанатост на правосилност и извршност на судските одлуки;
- да ги класифицира правните лекови;
- да го разбере начинот на користење на правните лекови и роковите во кои може да се употребат правните лекови;
- да развива чувство и свест за правичност, правда и професионално и одговорно извршување на работата од струката;
- да развиваат навики за правилна интерпретација и примена на начелата на судските постапки.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини на наставниот предмет *основи на приватно право*, односно за постигнување на поставените цели, потребни се претходни знаења од областа на наставните предмети *основи на*

*јавно право* од втора и трета година, *основи на правото* од прва и втора година, *конституционо уредување* од прва година и *основи на приватното право* од трета година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели<br>*Ученикот:* | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ГРАЃАНСКО СУДСКАТА ПОСТАПКА (ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО)** | **12** | - да го дефинира поимот граѓанско судски постапки;<br>- да ги разликува граѓанските од казнените постапки и од управната постапка;<br>- да ги класифицира видовите граѓански судски постапки: парнична (процесна), вонпарнична (вонпроцесна) и извршна постапка;<br>- да го идентификува односот меѓу парнична, вонпарнична и извршна постапка;<br>- да ја сфати врската помеѓу граѓанско судската постапка и материјалното право;<br>- да ги идентификува изворите на граѓанско судските постапки;<br>- да го објасни важењето на | Воведувањето во наставниот предмет се врши преку дискусија со учениците за карактерот на правата кои се заштитуваат пред судот.<br><br>Се презентира шема на видовите судки постапки.<br><br>Се води насочена дискусија за согледувањето на меѓусебниот однос на судските постапки.<br><br>Се читаат делови од Законот за парнична постапка, Законот за вонпарнична постапка и | 1. *Основи на правото за I година*<br>Тематска целина:<br>- Правни односи.<br><br>2. *Основи на јавно право за II година*<br>Тематска целина:<br>- Поим за јавно и приватно право.<br><br>3. *Основи на јавно право за III година (за матура)*<br>Тематска целина: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | законите во граѓанско судската постапка (временско, територијално и персонално). | Законот за извршна постапка.<br><br>Се организира групна работа за важењето на законите: една група го истражува временското, друга просторното, а трета група персоналното важење на законите.<br><br>Се води дискусија за добиените резултати од спроведеното истражување. | - Казнено - процесно право.<br><br>4. *Основи на приватно право за III година*<br>Тематски целини:<br>- Вовед во приватното право;<br>- Општ дел на граѓанско право. |
| **2. ОРГАНИ КОИ ВОДАТ И КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ГРАЃАНСКО СУДСКАТА ПОСТАПКА** | **13** | - Да го дефинира поимот суд и судска функција;<br>- да го разликува правосудството од судство во потесна смисла на зборот;<br>- да ги класифицира видовите судови (основни, апелациони и Врховен суд);<br>- да ја идентификува надлежноста на судовите (стварна и месна);<br>- да го сфати ситуациите на судир на надлежност и неговото разрешавање како битен услов за донесување законити судски одлуки; | Се повторува за судството.<br><br>Се врши видеопрезентација со содржини од областа на судството.<br><br>Се презентира шема на пирамидата на судскиот систем.<br><br>Се води дискусија за разликите меѓу судска и правосудна функција.<br><br>Се презентира на | 1. *Конституционо уредување за I година*<br>Тематска целина:<br>- Уставност и законитост;<br>- Поделба и организација на државнта власт во Р. Македонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги идентификува органите кои учествуваат во граѓанско судската постапка;<br>- да ја објасни улогата на Јавното обвинителство во граѓанско судската постапка;<br>- да ја идентификува улогата на Јавното правобранителство во граѓанско судската постапка;<br>- да ја сфати потребата од адвокат во постапката и службите за правна помош;<br>- да ја идентификува улогата на нотаријатот особено во вонпарничните постапки. | графофолија надлежноста на судовите во нивната внатрешна организација по одделенија.<br><br>Се врши посета на суд или Јавно обвинителство.<br><br>Се задолжуваат учениците да соберат исечоци од списанијата со написи за судовите.<br><br>Се поканува во училиштето адвокат, судија, правобранител, нотар или друго стручно лице. | |
| **3. НАЧЕЛА НА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ КОИ ВОДАТ СУДСКИ ПОСТАПКИ** | **10** | - Да ја разбере суштината на начелото на уставност и законитост во граѓанско судската постапка;<br>- да го сфати начелото на независност на судовите;<br>- да го објасни начелото на јавност во расправањето и ситуациите кога е исклучена јавноста;<br>- да го сфати начелото на учество на граѓаните во судењето (лаички елемент); | Се читаат извадоци од Уставот и законите.<br><br>Се води дискусија за уставноста, законитоста и независноста на судовите со презентирање на шема за поделбата на власта.<br><br>Се задолжуваат учениците во неколку групи да ја истражат застапеноста на | 1. *Конституцион о уредување за I година*<br>Тематска целина:<br>- Основи слободи и права на граѓанинот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го објасни начелото на судење во совет и ситуации кога законот допушта судењето да го врши судија поединец;<br>- да го опише начелото на изборност на судиите, како и постапката на нивниот избор;<br>- да го објасни начелото на употреба на својот јазик и писмо во постапките пред судот;<br>- да го разбере изземањето како институт во парничната постапка. | начелото на јавност и причините за нејзино отстранување од расправата.<br><br>Се врши видеопрезентација за содржини од областа на судството.<br><br>Се презентира шема за видовите судски совети и нивната надлежност.<br><br>Се читаат делови од уставните измени кои се однесуваат на употребата на јазикот и писмото во постапките.<br><br>Се задолжуваат учениците да извршат мини-истражување за тоа како се спроведува начелото на употреба на јазикот во другите земји (соседните и земјите на ЕУ).<br><br>Се води насочена дискусија за употребата на јазиците. | |
| **4. НАЧЕЛА НА** | **12** | - да се запознае со основните начела | Се води дискусија за | *1. Конституцион* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ГРАЃАНСКО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ** | | на граѓанско-судските постапки;<br>- да го објасни обемот на примена (манифестација) на начелата во одделни постапки;<br>- да го споредува начелото на официјалност со диспозицијата;<br>- да разграничи во кои делови од постапката претежно се применува начелото на усност, а кога начелото на писменост;<br>- да го разликува начелото на непосредност од начелото на посредност во граѓанско судската постапка;<br>- да го елаборира начелото на контрадикторност во граѓанско судската постапка;<br>- да го сфати значењето на начелото на јавност во постапката;<br>- да го идентификува начелото на правото на одбрана и застапување во граѓанско судската постапка;<br>- да го опише начелото на слободната оценка на доказите;<br>- да го истакне значењето на начелото на материјална вистина во граѓанско судската постапка;<br>- да го разбере начелото на посебната грижа за лицата кои не | начелата на граѓанските постапки.<br><br>Се организира групна работа на учениците при што се анализира кои процесни дејства се усни, а кои писмени, кој дел од постапката е претежно устен, а кој писмен.<br>Се читаат делови од законот.<br><br>Се делат улоги и практично се применува контрадикторност во расправањето.<br><br>Се задолжуваат учениците да собираат статии од списанија со тематика од работата на судовите.<br><br>Се води дискусија за начелото на материјална вистина и слободна оцена на доказите. | *о уредување за I година*<br>Тематска целина:<br>- Основи слободи и права на граѓанинот.<br><br>2. *Основи на приватно право за IV година*<br>Со претходната тематска целина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | се во состојба сами да се грижат за своите права во вонпроцесната постапка;<br>- да го објасни начелото на социјално постапување во извршната постапка. | | |
| **5. СУБЈЕКТИ ВО ГРАЃАНСКИТЕ СУДСКИ ПОСТАПКИ** | **8** | - Да го дефинира поимот странка и учесник во парничната, вонпарничната и извршната постапка;<br>- да ја идентификува способноста да се биде странка, односно учесник;<br>- да ја разбере процесната, постулационата способност;<br>- да ги разликува странките и другите субјекти кои учествуваат во граѓанско судската постапка;<br>- да ги идентификува странките во парничната постапка (тужител и тужен) и нивниот посебен статус;<br>- да ги идентификува сопарничарите во парничната постапка;<br>- да ги определи странките во извршната постапка. | Се презентира шема на субјектите во граѓанско судската постапка.<br><br>Се презентира шема на графофолија за способностите на странките (странечка, процесна и легитимација).<br><br>Се води дискусија за странките.<br><br>Се читаат делови од законите.<br><br>Се води дискусија со споредување на странките во парнична, вонпарнична и извршна постапка. | 1. *Основи на приватно право за III година*<br>Тематска целина:<br>- Субјекти на граѓанското право;<br>- Граѓанско правен однос.<br><br>2. *Основи на јавно право за II година*<br>Тематска целина:<br>- Правосуден систем на РМ.<br><br>3. *Основи на правото за I година*<br>Тематска целина:<br>- Субјекти на правото. |
| **6. ЗАСТАПНИЦИ И** | 6 | - Да го определи поимот и видовите | Се презентира шема за | 1. *Основи на* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОЛНОМОШНИЦИ НА СТРАНКИТЕ** | | застапување на странките;<br>- да ги идентификува законските застапници на странките;<br>- да го опише застапувањето со полномошник;<br>- да ги определи правата и обврските на полномошникот во постапката;<br>- да го разграничи застапувањето на полномошник кој не е адвокат од застапувањето на полномошник кој е адвокат;<br>- да го објасни значењето на правилното застапување и правните последици од неправилното застапување. | видовите застапување.<br><br>Се организира групна работа на учениците за составување на полномошно.<br><br>Се води дискусија за значењето на правилното застапување.<br><br>Се презентираат примери од практиката. | *правото за II година*<br>Тематска целина:<br>- Застапување на трговските друштва.<br><br>2. *Основи на правото за I година*<br>Тематска целина:<br>- Субјекти на правото.<br><br>3. *Основи на јавно право за III година*<br>Тематска целина:<br>- Странки во управната постапка. |
| **7. ПРОЦЕСНИ ДЕЈСТВА И ИНСТИТУТИ** | **8** | - Да го дефинира поимот и видовите процесни дејствија;<br>- да ги разграничи процесните дејствија на странките од процесните дејствија на судот;<br>- да ја определи формата и содржината на поднесоците и постапката во врска со поднесоците;<br>- да ги разликува видовите | Се води насочена дискусија за поимот на процесно дејство.<br><br>Се проследуваат примери на поднесоци.<br>од практиката.<br><br>Се презентира шематски приказ на формата на | 1. *Основи на јавно право за III година*<br>Тематска целина:<br>- Тек на управната постапка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | подносоци;<br>- да се запознае со поимот, содржината и составувањето на записникот;<br>- да го опише начиниот на доставување во постапката и неговото значење;<br>- да ја определи важноста на роковите и рочиштата;<br>- да го истакне правото на странките и другите учесници да ги разгледуваат списите во постапката;<br>- да ги сфати трошоците на постапката. | поднесоците.<br><br>Се организира практична вежба составување на записник.<br><br>Се симулира игра на улоги за доставување во постапката.<br><br>Се води дискусија за значењето на роковите.<br><br>Се организира групна работа на учениците за пресметување на рокови.<br><br>Се дискутира за застареноста како последица на временското важење на судските акти.<br><br>Се презентираат примери од практиката.<br><br>Се организира посета на судска писарница. | |
| **8. ДОКАЖУВАЊЕ ВО ГРАЃАНСКО** | **12** | - Да ги определи поимот доказ и докажување; | Се врши повторување за докази. | *1. Основи на јавно право за* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СУДСКАТА ПОСТАПКА** | | - да ги класифицира видовите докази;<br>- да го сфати значењето на признанието;<br>- да ја сфати улогата на сведокот во докажувањето;<br>- да го идентификува вештакот како доказно средство;<br>- да го објасни увидот како важно доказно средство;<br>- да ги идентификува исправите како докази;<br>- да ги карактеризира материјалните докази и нивното значење;<br>- да ја објасни потребата од обезбедување на докази и мерки кои судот може да ги преземе за нивното обезбедување;<br>- да ја истакне важноста од сослушувањето на странките. | Се презентира шема на видовите докази.<br><br>Се врши видео презентација за докажување.<br><br>Се организира мини проект: анкета со граѓани од разни средини за тоа дали некогаш учествувале како сведоци во некоја постапка. Се води дискусија за резултатите од анкетата.<br><br>Се води дискусија за мерките за обезбедување на докази. | *III година*<br>Тематска целина:<br>- Тек на управната постапка.<br><br>2. *Основи на приватно право за IV година*<br>Се претходната тематска целина. |
| **9. ПОВЕДУВАЊЕ НА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА** | **9** | - Да го објасни поведувањето на парничната постапка;<br>- да врши споредба со поведување на постапката во другите граѓански судки постапки (вонпарнична и извршна);<br>- да го определи поимот на тужба;<br>- да ги класифицира видовите тужба; | Се објаснува за начинот на поведување на парничната постапка.<br><br>Се презентира шематски приказ на елементите на тужбата.<br><br>Се проследуваат примери од | 1. *Основи на јавно право за III година*<br>Тематска целина:<br>- Тек на управната постапка.<br><br>2. *Основи на приватно* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги определи елементите на содржината на тужбата (задолжителни и факултативни);<br>- да ја истакне можноста за повлекување и одрекување на тужбата;<br>- да ја објасни кумулацијата на тужбените барања и преиначување на тужбата. | практиката.<br><br>Се организира практична работа - составување на тужба.<br><br>Се презентира шематски приказ на видовите тужби.<br><br>Се читаат делови од Законот. | *право за IV година*<br>Се претходната тематска целина. |
| **10. ПОДГОТВУВАЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА** | **10** | - Да ги определи задолжителните и незадолжителни фази на подготвувањето на главната расправа;<br>- да го елаборира испитувањето на тужбата од страна на судот и одлуките кои ги донесува во врска со испитувањето на тужбата;<br>- да го опише доставувањето на тужбата на одговор на тужениот;<br>- да го објасни повикувањето;<br>- да го истакне одржувањето на подготвителното рочиште и одлуките кои можат да се донесат;<br>- да го сфати закажувањето на главната расправа како фаза на подготвување на устната расправа. | Се презентира графички приказ на стадиумите и фазите на парничната постапка со истакнување на задолжителните фази на подготовката на главната расправа.<br><br>Се организира групна работа со цел да се покажат сите можни ситуации при испитувањето на тужбата.<br><br>Се симулира одредување на подготвително рочиште со поделба на улоги. | *1. Основи на јавно право за III година*<br>Тематска целина:<br>- Тек на управната постапка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Се проследуваат примери од практиката. | |
| **11. ГЛАВНА РАСПРАВА** | **10** | - Да го објасни отворањето на главната расправа и можните одлуки кои се донесуваат во главната расправа;<br>- да ја опише доказната постапка;<br>- да го разбере правото на судот да го определува редоследот на нивното изведување;<br>- да го објасни одржувањето на редот на главната расправа и мерки кои претседателот на советот (судија поединец) може да ги донесе во случај на негово нарушување;<br>- да ја сфати можноста од прекинување, мирување, одложување и продолжување на постапката;<br>- да го истакне значењето на заклучувањето на главната расправа. | Се организира симулација преку игра на улоги за отворање на главната расправа: објавување на предметот, странките помеѓу кои се води постапката, проверување дали уредно се повикани потребните лица, дали има отсутни и дали го оправдале отсуството, донесување на одлуки поради изостанок, одложување на рочиштето за главна расправа поради изостанок, поради признание и поради откажување.<br><br>Се врши видеопрезентација.<br><br>Се објаснува и се води дискусија за можноста и нужноста од прекинување, мирување на постапката.<br><br>Се објаснува улогата на | 1. *Основи на приватно право за IV година*<br>Се претходната тематска целина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | претседателот на судскиот совет и се дискутира за можните мерки кои тможе да ги преземе во со закон пропишани случаи.<br><br>Се читаат делови од законот.<br><br>Се орагнизира посета на суд на главна расправа. Се дискутира за впечатоците од посетата.<br><br>Се дискутира за значењето на заклучувањето на главната расправа и состојбата на правата на учесниците во постапката.<br><br>Се задолжува една група на ученици да води записник за сите (симулации) и посети на суд. | |
| **12. СУДСКИ ОДЛУКИ** | **10** | - Да го дефинира поимот судска одлука;<br>- да ги класифицира видовите судски одлуки, пресуди и решенија;<br>- да ја елаборира постапката на | Се проследуваат примери од практиката и преку дискусија се определува поимот на судската одлука. | 1. *Основи на јавно право за III година*<br>Тематска целина:<br>- Одлучување во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | донесување судска одлука;<br>- да го објасни начинот на изготвување на судска одлука;<br>- да го објасни соопштувањето и доставувањето на одлуките. | Се презентира шема за видовите одлуки и составните елементи на одлуките.<br><br>Се организира групна работа на учениците при што им се дава задача со податоци да состават пресуда, решение, заклучок, белешка на спис, записник.<br><br>Се задолжуваат учениците преку истражување да соберат податоци и да го елаборираат начинот на донесување, изготвување, соопштување и доставување на пресуда.<br><br>Се проследуваат примери од практика. | управната постапка.<br><br>2. *Канцелариско работење за IV година*<br>Тематска целина:<br>- Судска кореспонденција. |
| **13. ПРАВНИ ЛЕКОВИ** | **12** | - Да го сфати поимот и значењето на правните лекови;<br>- да ги класифицира правните лекови (редовни и вонредни);<br>- да ги опише инстанците во постапката;<br>- да го определи поимот, дејството, | Се повторуваат и прошируваат знаењата за правните лекови.<br><br>Се презентира шема за видовите правни лекови. | 1. *Основи на јавно право за III година (за матура)*<br>Тематска целина:<br>- Правни лекови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | содржината и причините за жалба како редовен правен лек;<br>- да ја елаборира постапката по жалба и одлуките пред провостепениот суд;<br>- да ја елаборира постапката по жалба и одлуките пред второстепениот суд;<br>- да го дефинира поимот вонреден правен лек (ревизија, барање заштита на законитоста и повторување на постапката);<br>- да ги наведе основите за нивна допуштеност;<br>- да ги наведе причините за нивно изјавување и одлуките по нив;<br>- да ја опише постапката од трет степан (постапка по ревизија);<br>- да ги објасни поимите правосилност и извршност на судските одлуки. | Се проследуваат примери од практиката.<br><br>Се задолжуваат учениците да приберат статистички податици за тоа колку граѓански предмети во последните десет години се завршени со првостепена постапка, против колку се вложени жалби, колку се решени позитивно по жалба. Се дискутира за добиените резултатати од истражувањето.<br><br>Се проследуваат примери за жалба.<br><br>Се организира практична вежба за составување на жалба.<br><br>Се читаат делови од закон се задолжуваат учениците да соберат исечоци од списанија за одредени судски одлуки. | 2. *Основи на јавно право за III година (задолжителна )*<br>Тематска целина:<br>- Правни лекови во управната постапка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

За реализација на наставата по наставниот предмет *основи на приватно право*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи* ќе се користат: насочено водена дискусија, решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.

*Активности на ученикот*: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да толкува позитивни законски прописи, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

*Активности на наставникот се:* организирање, планирање и подготовка на наставата, давање инструкциии за работа, поттикнување на дискусии, објаснување, поставување прашања, оценување и поттикнување на самооценување и креативност од страна на учениците, симулирање на процеси и реални ситуации, презентирање, правење забелешки.

**4.3. Организација и реализација на наставата по предметот**

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *основи на приватно право* се изведува преку теоретска и практична настава во училница, организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници – стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и друштвата, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои може да се изведуваат дома и во училиштето. Образовните активности по предметот *основи на приватно право* се организирани во две полугодија, четири тримесечја и неделен распоред на часовите.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *основи на приватно право,* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, обрасци, шеми и

сл. согласно Нормативот. Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, закони и практикуми од соодветни области, коментари на законите.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења, писмените извештаи за реализирани активности на учениците, креативноста, постигањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажан интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оцени. Доколку ученикот не покаже резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

**6.2. Стандард за наставен кадар**

Завршени студии по право, со здобиена педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард на простор за наставниот предмет**

За реализација на наставната програма по *основи на приватно право* ќе се користи училиница или кабинет опремен со наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2002 година
7.2. **Датум на превземање**: мај 2008 година

**7.3. Состав на работната група:**

1. Снежана Димовска, советник, раководител, Биро за развој на образованието, Скопје
2. Д - р Арсен Јаневски, професор, Правен факултет, Скопје
3. Ленче Кузмановска, наставник, ДСЕПУ "Васил Антевски - Дрен", Скопје
4. Македон Славкоски, наставник, ДСЕПУ "Васил Антевски - Дрен", Скопје
5. Д- р Трендафил Ивановски, советник, Уставен суд на Р. Македонија, Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.9.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *основи на приватно право* ја одобри (донесе) министерот за образование и наука со решение број 11-3368/1 од 24.06.2002 година.